Врз основа на член 34 и 35 од Статутот на Акционерското друштво за производство и преработка на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт АД Скопје, ЕМБС-5275890, се објавува

20.10.2018

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА СВИКУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ СЕДНИЦА**
**НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, Скопје**

Собранието на акционери на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД, Скопје ќе се одржи на ден 22.11.2018 година (ЧЕТВОРТОК) со почеток во 12.00 часот во Едукативен центар М - 6 Скопје на улица 810 бр.2 Скопје.

За работа на Собранието се предлага следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

Усвојување Записник од Собранието на акционери од 10.09.2018 година.

Т.1. Донесување на одлука за поништување на одлуки на Собранието на акционери на ВВ ТИКВЕШ АД Скопје од 10.09.2018 година Одлуката за промена на седиштето на друштвото број 0201 – 1575/1 од 10.09.2018 година и Одлуката за измена на статутот на Винарската визба ТИКВЕШ АД Скопје (пречистен текст од 20.06.2014 година) број 0201 – 1575/2 од 10.09.2018 година.

Т.2. Донесување на одлука за промени на ВВ ТИКВЕШ експорт – импорт АД Скопје.

Т.3. Донесување Одлука за измена на Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД Скопје од Скопје.

Во работа на собранието можат да учествуваат и да ги остваруваат своите права и интереси сите акционери лично или преку овластени претставници и застапници именувани за остварување на сите или извесни права на управување со полномошно за застапување заверено од нотар.

Услов за учество во работата на собрание е пријавување на акционерот или овластениот преставник или застапник со полномошно за преставување и застапување на акциите најдоцна пред почетокот на одржувањето на седницата на собранието.

Собранието одлучува само за прашања утврдени во Дневниот ред.

Вклучување нови точки во дневниот ред, предлагање одлуки и поставување на прашања може да се врши по писмен пат согласно член 390 од Законот за трговски друштва во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување седница на собранието со барање за вклучување на нови точки во дневниот ред и поставување на прашања доставени до друштвото.

Гласањето на собранието може да се врши од акционерот лично или од полномошникот на седницата.

Материјалите за работа на седницата на Собранието ќе бидат ставени на увид на акционерите по објавувањето на овој повик во просториите на Правната служба на ВВ ТИКВЕШ секој работен ден од 8 до 10 часот.

Официјална интернет страница на друштвото е www.tikves.com.mk.

**ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД Скопје**